Септември13 ти, 2010
Канцеларија: +389 (0)2 321 7060
Моб: +389 (0)70 29 34 34
Email: nstankovic@agbiz.com.mk

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА МЕДИУМИТЕ

## Македонските свежи производи достапни во Русија

УСАИД како дел од мисијата на САД во Македонија, инвестира во економскиот развој во земјата преку помагање на индивидуалните компании од агробизнисот да ја зголемат нивната конкурентност и продуктивност, и успешно и одржливо да влезат на нови пазари за земјоделски производи кои имаат додадена вредност. УСАИД преку својата АгБиз програма поддржува три македонски извозници на свежо производи - Агрохемија, Вардар Градско и Баџо - да ги изложат своите производи на саемот „Светот на храната во Москва", кој се одржува помеѓу 15-ти и 18-ти септември, 2010 година.
Ова е втора година за македонските компании за извоз на свежи производи да учествуваат на овој важен настан во областа на овошје и зеленчук. Со население од 150 милиони луѓе, Русија е многу голем пазар за свежа храна. Со цел да се разбере подобро пазарот, АгБиз во 2009 година организираше студиско патување за саемот во Москва, каде што македонските компании имаа можност да се сретнат и да разговараат со многу компании, увозници на свежи производи. Врз основа на постигнатите резултати на компаниите во текот на студиското патување и на изложбата во 2009, вклучувајќи и неколку договори во вредност од 958.000 евра, оваа година учесниците очекуваат: да ги промовираат македонските свежи производи на рускиот пазар; да воспостават нови контакти кои можат да се претворат во договори за работа и нова и одржлива извозна продажба во иднина; и размена на искуства во промовирањето на свежи производи со повеќе квалификувани компании од ЕУ.

"Македонските производители имаат способност да испорачаат свежи производи на руските купувачи, порано во сезоната, за разлика од многуте нивни конкуренти. АгБиз им помага на своите клиенти да ја искористат својата можност поддржувајќи ги да изложат и да најдат купувачи во „Светот на храната во Москва", и да се одржат на рускиот пазар ", рече Ловре Ристевски, менаџерот на АгБиз за ланец на вредности за свежо овошје и зеленчук.

До денес, програмата обезбеди поддршка за 26 организации на производители и пет трговски здруженија; донесе краткорочни обуки за 1.307 лица; им олесни на клиентите на АгБиз да потпишат извозни наредби во вредност од над 10.8 милиони евра и да идентификуваат финансирање за 39 клиенти во вредност од над 7 милиони долари. За повеќе информации, посетете ја интернет страницата: www.agbiz.com.mk.

### ЗАБЕЛЕШКА ЗА УРЕДНИЦИТЕ:

Американскиот народ, преку УСАИД, има инвестирано над 500 милиони долари во Македонија од 1993 година. УСАИД имплементира проекти кои креираат нови работни места, ја редуцираат корумпираноста и ги подготвуваат македонските студенти за новата работна сила. Овие иницијативи го подобруваат квалитетот на животот и ја поддржуваат транзицијата на Македонија кон стабилна и просперитетна демократија. УСАИД обезбедува економска и хуманитарна помош во повеќе од 100 земји. За повеќе информации, посетете ја http://macedonia.usaid.gov.